РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1224/1
13-03-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2096/1 од 06.08.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за неправилности во постапувањето на комуналниот инспектор на Општина /// при вршење на инспекциски надзор, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган – Државниот управен инспекторат, којшто не констатирал неправилности во спроведувањето на инспекциската постапка. Воедно, при повторен инспекциски надзор извршен од страна на комуналниот инспектор на Општина /// не биле констатирани неправилности.

Предметот со број 12-2096/1 од 06.08.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 06.08.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за неправилности во постапувањето на комуналниот инспектор на Општина /// при вршење на инспекциски надзор и оформен е предмет број 12-2096/1 од 06.08.2025 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за неправилно утврдена фактичка состојба од страна на комунален инспектор на Општина /// при инспекциски надзор извршен во село /// во 2019 година, по претставка за несоодветно чување на домашни животни во непосредна близина на семејна куќа. Според изнесеното во пријавата, при инспекцискиот надзор околностите на фактичката состојба не биле земени предвид во целост, односно инспекторот констатирал состојба што се однесува на начинот на

складирање и одлагање на шталски отпад но не и на оддалеченоста на шталата и на ширењето на непријатна миризба.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барање за доставување податоци и информации до Општина ///.

Од увидот во податоците и информациите доставени како одговор на Барањето на ДКСК и од увидот во документацијата доставена во прилог на пријавата, утврдена е следната фактичка состојба:
Комунални инспектори при Секторот за општински инспекторат на Општина /// во 2019 година постапиле по претставка со наводи за несоодветно чување на домашни животни во непосредна близина на семејна куќа во с. /// и на ден 24.10.2019 година извршиле инспекциски надзор при кој била утврдена фактичка состојба.
Сметајќи дека околностите на фактичката состојба не биле земени предвид во целост, подносителот на пријавата доставил претставка до Државниот управен инспекторат, каде по преземени инспекциски дејствија било констатирано дека комуналните инспектори при Општина /// спровеле инспекциска постапка согласно членот 71 од Законот за инспекциски надзор по што подносителот на пријавата бил соодветно известен за резултатот од надзорот.
Со оглед на тоа што Државниот управен инспекторат во Известувањето доставено до подносителот во 2020 година нотирал дека согласно член 2 од Законот за управната инспекција Инспекторатот нема надлежност да ја цени законитоста на актите донесени од органите на државната управа во првостепена и второстепена управна постапка, подносителот на пријавата се обратил до Инспекцискиот совет, којшто на 14.05.2020 година му доставил Одговор во кој е содржана информација дека Инспекцискиот совет нема законска надлежност да ја преиспитува работата на општинските инспектори, поради што го упатил подносителот за наводите за погрешно утврдената фактичка состојба да се обрати до градоначалникот на Општина ///.
На ден 30.09.2025 година, врз основа на член 71 став 1 од Законот за инспекциски надзор и член 216 од Одлуката за комунален ред на Општина ///, комунален инспектор на Општина /// извршил повторен инспекциски надзор над чување на крупен добиток на ул./// бр./// с.///. При надзорот бил составен Записник ///од /// година, во кој не се констатирани неправилности.

Според одредбите од член 12 од Законот за комуналните дејности, заради подетално уредување на односите во комуналните дејности, утврдени со овој закон, советот на

општините, односно Советот на градот Скопје донесува одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување. Со оваа одлука особено се пропишуваат условите за чување на животни и домашни миленици во дворни места на колективни и индивидуални станбени објекти во населени места.

Според член 175 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина /// донесена од страна на Советот на Општина /// на 08.11.2024 година, во населените места на подрачјето на општината може да се чува добиток, пчелни семејства и живина на начин пропишан со посебните прописи за санитарно-здравствена и хигиенска заштита.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК констатира дека по наводите за сомневање за неправилности во постапувањето на комуналниот инспектор на Општина /// во 2019 година веќе постапил Државниот управен инспекторат, којшто не констатирал неправилности во спроведувањето на инспекциската постапка, како и дека при повторен инспекциски надзор извршен од страна на комуналниот инспектор на Општина /// не биле констатирани неправилности.

Следствено, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

